# Општи Услови за користење на услугата **Drive Angel**

## ОПШТИ ПРАВИЛА И УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА АПЛИКАЦИЈАТА Drive Angel

**1**. Со овие Општи правила и услови за користење на апликацијата „Drive Angel„ се уредуваат односите помеѓу друштвото ЗУБАК ГРУПА д.о.о., од една страна, и корисникот на апликацијата Drive Angel (во понатамошниот текст Апликација), од друга страна.

**2**. Ако контекстот не изискува поинаку, одделни зборови и термини во смисла на овие Општи услови го имаат следново значење:

**2.1**. „ЗУБАК ГРУПА„ го означува друштвото ЗУБАК ГРУПА д.о.о. со седиште во Република Хрватска, Велика Горица, Загребачка бр. 117, личен идентификациски број (ОИБ): 39135989747;

**2.2.** „ORYX" и/или „ORYX Асистенција„ е комерцијален назив и бренд под кој ЗУБАК ГРУПА д.о.о. организира и обезбедува техничка помош на пат, односно асистенција;

**2.3.** „Корисник„ е физичко или правно лице кое со користење на производот на ORYX Асистенција, инсталирање на Апликацијата и прифаќање на овие Општи услови стекнува право на користење на апликацијата Drive Angel;

**2.4**. „Апликација„ е апликација „Drive Angel„, односно систем на услуги на предупредувања во случај на сообраќајна несреќа;

**2.5**. „Сообраќајна несреќа„ е настан на пат, во кој учествувало најмалку едно возило во движење и во кој најмалку едно лице е повредено, или е предизвикана материјална штета;

**2.6**. „Контакт центар„ е комуникациски сентар на ORYX, кој прима податоци од Апликацијата и контактира со Корисникот или други лица согласно овие Општи услови;

**2.7**. „Општи услови„ е термин кој ги означува овие Општи услови и сите нивни идни измени и дополненија;

**2.8**. „Територија„ го означува подрачјето на Северна Македонија.

**3**. Со користење на Апликацијата се согласувате со овие Општи услови. Овие Општи услови го регулираат користењето на Апликацијата. Внимателно прочитајте ги овие Општи услови пред користење на Апликацијата. Ако не се согласувате со овие Општи услови, не користете ја Апликацијата.

**4**. За сите меѓусебни односи помеѓу друштвото ЗУБАК ГРУПА и Корисникот, а кои не се уредени со овие Општи услови, на соодветен начин се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

КОРИСТЕЊЕ НА АПЛИКАЦИЈАТА

**5**. Апликацијата е систем, односно услуга на предупредувања на меродавни правни или физички лица, наменет на возачите во случај на сообраќајна несреќа која се случила на територијата на Република Северна Македонија.

**6**. Системот е осмислен на начин да не му пречи на возачот при возење, а во случај на евентуална сообраќајна несреќа остварува комуникација со контакт центарот на ORYX или приватните контакти на Корисникот давајќи информации за околностите на сообраќајната несреќа. Некои од информациите кои Апликацијата ги испраќа на означените приматели вклучуваат GPS местоположба, брзина пред несреќата и податоци за корисникот на Апликацијата. Со тоа што комуникацијата се води помеѓу сметачки системи без човечка интервенција, информациите пристигнуваат на вистинско место во најкраток можен рок и на тој начин се намалува факторот на човечка грешка при пријавување на детали на настанот.

**7**. Апликацијата е трослоен систем кој се состои од апликација на паметен телефон, серверска апликација и база на податоци. Системот во реално време обработува збирови на податоци, добиени од сензори инсталирани во паметни телефони и врз основа на изградени алгоритми поставува параметри за состојбата на возилото во сообраќајот.

**8**. Лицето кое ги користи производите на ORYX Асистенција станува Корисник на Апликацијата со инсталирање на Апликацијата на својој паметен телефон и со нејзино активирање со активациски код што ќе го добие од ORYX, со што ги прифаќа и овие Општи услови. За да се активира Апликацијата и да се стави во функција, Корисникот може да отвори своја корисничка сметка, каде ќе складира податоци за своето возило (или повеќе возила) и свои релевантни податоци, кои се вметнуваат во Апликацијата при активирање на корисничката сметка, а тие податоци се делат на задолжителни и дополнителни податоци:

**8.1**. ПОДАТОЦИ НЕОПХОДНИ ЗА РАБОТЕЊЕ НА АПЛИКАЦИЈАТА

а) корисничко име и лозинка (Windows верзија на апликацијата) по избор – корисникот при активирање самиот креира сопствено корисничко име и лозинка, кои се единствени и еднозначно го определуваат корисникот. Корисничкото име, заедно со активацискиот код, се потребни за пристап кон апликацијата;

б) пристапен код – пристапниот код е потребен за Корисникот да може да го потврди правото на користење на услугата;

в) телефонски број на мобилен телефон на кој е инсталирана Апликацијата – телефонскиот број е неопходен за да може да се стапи во контакт со Корисникот во случај на несреќа.

**8.2**. ОПЦИОНАЛНИ ПОДАТОЦИ (по желба на Корисникот) ОПШТИ ПРАВИЛА И УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА АПЛИКАЦИЈАТА DRIVE ANGEL

а) име и презиме – податокот е потребен за лицето да може да се идентификува на местото на евентуалната несреќа;

б) крвна група – податокот е потребен за да се информираат вработените на брза помош во случај на несреќа за поефективно спасување на повредениот корисник;

в) имејл адреса – праќање информации за возењето, контактирање на Лични Ангели и сл.;

г) дополнителен телефонски број – податокот е потребен во случај ако корисникот користи повеќе од еден телефонски број и ако е недостапен на примарно дефинираниот контакт број;

д) марка, модел, боја и регистарски број на возилото – податоците се потребни за во случај на несреќа да може брзо и ефикасно да се идентификува возилото во кое се наоѓал корисникот во моментот на несреќата;

ѓ) дополнителна имејл адреса – дополнителен имејл во случај ако корисникот користи повеќе од една имејл адреса и ако примарно дефинираната адреса не е достапна или не се користи;

е) податоци на контакт лицето за кое Корисникот сака да биде известено во случај на евентуална сообраќајна несреќа – освен службите за итни повици, Апликацијата поддржува функционалност на контактирање на контакт лице ако тоа лице е наведено;

ж) специјални забелешки – алергии и хронични заболувања, редовни лекарства (ако корисникот ги зема) и сл. – специјалните забелешки и податоци за евентуални алергии, хронични заболувања и терапии се потребни за да се информираат вработените на брза помош во случај на несреќа за поефикасно спасување на повредениот корисник.

**9**. За Апликацијата да може да ја исполни својата функција, Корисникот е должен да дава и ажурира вистинити, точни, важечки и потполни податоци од точка 8 од овие Општи услови. Ако Корисникот не складира или не ажурира потполни и вистинити податоци или ако ORYX има оправдани основи за сомнеж дека тие податоци не се вистинити, точни или потполни, ORYX може ја блокира или поништи корисничката сметка и да одбие користење на услугата или некој нејзин дел.

**10**. Со активирање на корисничката сметка и давање на податоци согласно точките 8 и 9 Корисникот на Апликацијата дава согласност на ORYX за понатамошна обработка на податоците заради исполнување на функцијата и понатамошен развој на Апликацијата, како и заради исполнување на услугата на ORYX Асистенција.

ТЕХНИЧКИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА МОБИЛНИ УРЕДИ КОИ ЈА ПОДДРЖУВААТ АПЛИКАЦИЈАТА

**11**. За да може паметниот телефон да ја поддржи Апликацијата, мора да ги задоволи следниве технички услови независно од својот оперативен систем:

- пристап кон интернет
- да има вграден акцелерометар (вграден во паметниот телефон за да овозможи ротирање на слики и графики од вертикална во хоризонтална положба)
- вграден GPS приемник.

ПРОЦЕС НА РАБОТА НА УСЛУГАТА DRIVE ANGEL

**12**. Апликацијата е систем што континуирано обработува и анализира податоци што ги собира Апликацијата за да се забележи статусот на моменталното возење на Корисникот. Ако алгоритамот, кој управува со серверската апликација, заклучи дека се стекнати параметри кои укажуваат на сообраќајна несреќа, Апликацијата кон контакт центарот на ORYX моментално упатува автоматски повик кој содржи релевантни податоци (брзина, положба на возилото, ориентација, јачина на звук итн.) со помош на кои агентите во контакт центарот може да го оценат нивото на алармантност.

**13**. Во процесот на давање на услугата се воспоставува континуиран тек на податоци помеѓу серверот и Апликацијата на паметниот телефон на Корисникот, а во случај да постои индикација за сообраќајна несреќа, контакт центарот на ORYX иницира и гласовен контакт со Корисникот согласно дефинираниот протокол.

**14**. Кога Апликацијата ќе препознае движење побрзо од 20 км/час, се воспоставува податочен „пулс„ и започнува испраќање на податоци во дефинирани временски интервали, а Корисникот може да прими визуелно и звучно предупредување и порака: „Патниот Ангел е со Вас и ви посакува среќен пат„.

**15**. По инсталирањето на Апликацијата на паметниот телефон, почетните поставки на Апликацијата се прилагодени автоматски да го детектираат возењето на Корисникот и започнуваат со надгледување над возењето. Овој начин на работа на Апликацијата предизвикува зголемено трошење на батеријата на мобилниот телефон и затоа да може Апликацијата да работи правилно и со сета своја функционалност, мобилниот телефон мора да биде вклучен на полнач за батерија за време на возењето.

**16**. Во поставките на Апликацијата можни се два начина на надгледување на возењето:

а) автоматско;

b) рачно.

ОПШТИ ПРАВИЛА И УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА АПЛИКАЦИЈАТА DRIVE ANGEL

Автоматско надгледување на возењето за работа користи GPS систем кој детектира секое движење на возилото. Рачно надгледување на возењето работи така што Корисникот во Апликацијата самостојно го активира надгледувањето на возењето.

**17**. Ако Корисникот не сака автоматско детектирање на возењето, во поставките на Апликацијата може да одбере рачно детектирање на возењето. Во тој случај при секое возење Корисникот треба самиот да ја активира Апликацијата и да одбере надгледување на возењето. Ако Корисникот не активира надгледување на возењето и Апликацијата не детектира евентуална сообраќајна несреќа и не го извести контакт центарот на ORYX, ORYX не сноси никаква одговорност за последиците од таквата ситуација.

**18**. Ако паметниот телефон потполно се исклучи поради празна батерија или од некој друга причина, при повторно вклучување на паметниот телефон Апликацијата ќе се активира автоматски.

**19**. Ако Корисникот ја исклучи Апликацијата така што потполно ќе ја отстрани од листата на активни апликации, Апликацијата нема да може да детектира возење и евентуална сообраќајна несреќа и за тоа да го извести контакт центарот на ORYX, иако во поставките е наместено автоматско детектирање на возењето. Во тој случај ORYX не сноси никаква одговорност за последиците од таквата ситуација. Ако Корисникот ја исклучил Апликацијата на тој начин, за наредно детектирање и надгледување на возењето треба рачно да ја вклучи Апликацијата.

**20**. Завршетокот на надгледувањето на возењето Апликацијата го детектира автоматски. Завршетокот на возењето се детектира ако возилото било во мирување 5 минути по последното забележано движење побрзо од 20 км/час, а Корисникот може да прими визуелно и звучно предупредување и порака: „Патниот Ангел завршил со надгледување на возењето. Ви благодарам за пријатното и безбедно возење„.

**21**. Ако Апликацијата заклучи дека добиените податоци укажуваат на сообраќајна несреќа, агент во контакт центарот прима звучно и визуелно предупредување по кое следува полн пакет податоци врз основа на кои се заклучува дека постои основан сомнеж дека се случила сообраќајна несреќа. Во наредните десетина секунди агентот може да ја провери веродостојноста на податоците и да упати повик кон Корисникот за да провери дали станува збор за вистинска несреќа која изискува брза интервенција. Додека агентот го упатува тој повик на проверка, стигнува следен пакет на податоци по несреќата. Ако во контакт центарот не стигне следниот пакет на податоци, се потврдува дека постои голема веројатност дека се случила сообраќајна несреќа.

**22**. Во случај ако автоматскиот аларм се активирал, Корисникот ќе чуе звучно предупредување, а на екранот се појавуваат следниве пораки:

• ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ! Патниот Ангел детектирал евентуална несреќа и ја известил ORYX Асистенција. Ако не ви е потребна помош, откажете ја интервенцијата.

• Активиран е итен повик во помош кон ORYX Асистенција

• Ако не ви е потребна помош, притиснете го копчето „Откажи го повикот во помош„.

**23**.Ако не се воспостави гласовна врска со контакт центарот во рок од 120 секунди од почетниот аларм, на екранот ќе се прикажат следниве пораки:

- Податоци за несреќата се испратени кон ORYX Асистенција;
- ORYX Асистенција е на пат кон вас;
- Ако не ви е потребна помош, притиснете го копчето „Откажи го повикот во помош„.

**24**. Ако Корисникот не одговори на упатениот повик, а следниот пакет на податоци ја потврди веродостојноста на претходните податоци (или нема следен пакет што би значело дека мобилниот телефон е уништен во несреќата), врз основа на тоа ORYX заклучува дека се случила сериозна сообраќајна несреќа и агентот ја алармира Државната дирекција за заштита и спасување (Служба 112) и им ги проследува следниве податоци:

- прецизна местоположба на сообраќајната несреќа;
- идентитет на возилото (марка, модел, регистрација, боја, година на производство);
- релевантни медицински податоци за Корисникот од точка 8.2. од овие Општи услови ако Корисникот ги навел во профилот на Апликацијата (возраст, крвна група, хронични заболувања како што се висок крвен притисок, дијабетес и слично, редовни терапии и што било друго што би можело да биде релевантно за медицинскиот профил на Корисникот).

**25**. Ако Корисникот е при свест и одговори на упатениот повик и ја потврди сообраќајната несреќа, агентот ја известува Службата 112 на ист начин како во претходното сценарио од точка 24. Меѓутоа, ако Корисникот каже дека се случила полесна несреќа која не изискува интервенција, агентот на контакт центарот ја откажува интервенцијата (ако е веќе започната). Ако Корисникот потврди дека станува збор за лажен/случаен аларм, агентот го прекинува повикот, а податочните пакети кои биле испратени пред алармот остануваат меморирани заради дополнително анализирање.

ПРАВИЛА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОДАТОЦИ И ОПШТИ ПРАВИЛА И УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА АПЛИКАЦИЈАТА DRIVE ANGEL ГАРАНЦИЈА НА ПРИВАТНОСТ

**26.** Сите податоци кои Апликацијата ги собира, користи и обработува се користат исклучиво со цел на испорака на опишаната функција, односно услуга, и статистичка обработка за унапредување на системот. ORYX може контакт податоците на Корисникот од точка 8.1. од овие Општи услови да ги користи и за свои маркетиншки цели, организирање на наградни натпреварувања и испитувања на задоволство на корисниците на Апликацијата. Корисникот со прифаќање на овие Општи услови дава согласност на ORYX да може во својот билтен или на својата веб страница да го објави името и презимето на Корисникот кој освоил награда во некое наградно натпреварување или маркетиншка промоција на ORYX.

**27**. Во случај ако алармот се активирал, агентите на контакт центарот ќе имаат пристап кон податоците за возењето на Корисникот, кои се собрани во последниве 20 минути пред активирањето на алармот. Во тој случај агентите на контакт центарот имаат пристап и кон релевантни медицински податоци од корисничката сметка (ако Корисникот ги внел тие податоци во својот профил). Сите останати податоци ќе бидат достапни на техничкиот персонал на компанијата DriveAngel Limited, 47 Mark Lane, London EC3R 7QQ, United Kingdom (Обединето Кралство), но само заради статистичка и техничка анализа со цел на испорака и подобрување на функционалноста на Апликацијата.

**28**. На својата корисничка сметка Корисникот може да наведе одредени лични и медицински податоци како што се крвна група, алергии и други медицински релевантни податоци битни за ефикасна медицинска интервенција во случај на сообраќајна несреќа, и Корисникот со внесување и давање на овие податоци во Апликацијата дава согласност за обработка на тие податоци заради колку е можно поефикасно давање медицинска помош во случај на сообраќајна несреќа. За точноста на личните / медицински податоци Корисникот сноси целосна и исклучива одговорност. ORYX гарантира дека личните и медицински податоци на Корисникот ќе бидат достапни само на агентите на контакт центарот на ORYX. 29. ORYX собира, обработува и складира лични и идентификациски податоци за корисниците во согласност со важечките прописи за заштита на приватноста, овие Општи услови и Изјавата за приватност, која е достапна на веб страницата на ORYX Асистенција.

УСЛОВИ НА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА ЗА ДЕЛУМНА ИЛИ ЦЕЛОСНА НЕФУНКЦИОНАЛНОСТ НА АПЛИКАЦИЈАТА

**30**. Апликацијата во комбинација со други елементи на пасивна безбедност во автомобилот го зголемува вкупниот фактор на лична безбедност во сообраќајот и како таква е и дефинирана. Апликацијата на паметниот телефон е безбедносен „додаток„ за побрзо организирање на помош на

пат, а не „решение„ за заштита од последиците на сообраќајна несреќа. Во таа смисла и имајќи ги предвид и другите ограничувања на Апликацијата, наведени под точките 31 и 32 од овие Општи услови, улогата и одговорноста на ORYX е ограничена на алармирање на надлежната Служба 112 и организирање на услугата на ORYX Асистенција ако врз основа на добиените параметри и податоци од Апликацијата произлегува дека е потребно да се преземат овие активности.

**31**. Како е секој друг систем за унапредување на безбедноста на пат, така и Апликацијата / системот има инхерентни ограничувања, односно не може да се гарантира дека во секое време и во секоја ситуација системот ќе фукнционира сто проценти (100 %) сигурно.

**32**. Освен овие општи ограничувања, кои се однесуваат на кој било безбедносен систем, Апликацијата ги има и следниве специфични ограничувања, кои произлегуваат од нејзиниот технички концепт, и затоа во некои околности (над кои е невозможно да се има контрола) нема да ја понуди својата целосна функционалност. Тие околности ги вклучуваат следниве познати ограничувања (но не се ограничени само на нив):

**32.1**. ЛОКАЦИЈА НА СООБРАЌАЈНАТА НЕСРЕЌА
Во Апликацијата се користи GPS системот за забележување на локацијата на несреќата. Ако од која било причина паметниот телефон на Корисникот не може да прими GPS сигнал, Апликацијата за референтна точка за интервенцијата ќе ја земе последната забележана GPS местоположба. Например, ако сообраќајната несреќа се случила во тунел (ако нема GPS сигнал), Апликацијата ќе ја забележи последната местоположба пред влегување во тунелот.

**32.2**. ПОСТОЕЊЕ И КВАЛИТЕТ НА СИГНАЛОТ ЗА ПОДАТОЧЕН СООБРАЌАЈ
Иако Апликацијата има многу скромни предуслови во смисла на квалитетот на радио сигналот за податковен сообраќај, ниту еден мобилен оператер не може да гарантира 100% покриеност со сигналот на целата територија на Република Хрватска, и затоа ако сообраќајната несреќа се случила на локација кадешто нема сигнал, за референтна точка ќе се земе последната забележана местоположба пред губење на сигналот.

**32.3.** ПОДАТОЧЕН СООБРАЌАЈ
Апликацијата треба релативно скромно количество на податочен сообраќај. Но без оглед на релативно ниски предуслови, Корисникот треба да го има вклучен оној тарифен модел кој вклучува определено количество на податочен сообраќај. Ако мобилниот оператер на ОПШТИ ПРАВИЛА И УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА АПЛИКАЦИЈАТА DRIVE ANGEL Корисникот од која било причина го намали или исклучи податочниот сообраќај, Апликацијата нема да може да работи, и ORYX не сноси никаква одговорност за последиците од таквата ситуација.

**32.4.** СМЕСТУВАЊЕ НА МОБИЛНИОТ ТЕЛЕФОН ВО АВТОМОБИЛОТ
За Апликацијата да може да ја оствари својата целосна функционалност, паметниот телефон во автомобилот мора да биде поставен во држач цврсто поврзан со автомобилот, кој овозможува полнење на батеријата и телефонирање без раце. За паметниот телефон да може со сигурност да ја процени јачината на евентуалниот удар при сообраќајна несреќа, потребна е механичка поврзаност со автомобилот. Ако паметниот телефон се наоѓа во џеб, стои на полица или е во некоја фиока, тој ќе го идентификува ударот, ама јачината на ударот нема да биде прецизно забележана. Со такви непрецизни податоци значително се зголемува ризикот вистинската несреќа да не се регистрира или да се генерира лажен аларм при што ORYX не може да сноси одговорност за евентуален неуспех при детектирање на сообраќајната несреќа. Не се препорачуваат држачи за мобилни телефони, кои не се зацврстени за автомобилското предно стакло (со гумено вакуум ѕвоно), бидејќи во случај на пукање на стаклото постои голем ризик паметниот телефон да се оштети и да престане да праќа податоци за сообраќајната несреќа. Се препорачуваат држачи зацврстени за арматурната табла во висина на воланот или пониско, односно држачи што ќе останат на своето место дури и во случај на најтешки судири.

**32.5**. БАТЕРИЈА
Кога Апликацијата е вклучена, паметниот телефон мора постојано да обработува определен збир на податоци и воспоставува податочна врска, што претставува дополнително оптеретување за батеријата на телефонот. Ако во моментот на несреќата батеријата на телефонот е празна, Апликацијата нема да може да работи и ORYX не сноси никаква одговорност за последиците од таквата ситуација.

**32.6.** СЛУШАЊЕ МУЗИКА ЗА ВРЕМЕ НА ВОЗЕЊЕ И БУКА ВО ВОЗИЛОТО
Ако јачината на звук во возилото надмине 90 децибели, Апликацијата може да предупреди да се намали јачината на звук заради безбедност. За Апликацијата да може да „заклучи„ дали се

случила сообраќајна несреќа, Апликацијата, меѓу останатото, ја анализира и звучната слика во автомобилот. За Апликацијата да може да разликува вообичаена звучна слика во кабината во која се слуша музика од звучна слика на судир, музиката која се слуша за време на возењето не смее да надмине јачина од 90 децибели. Ако не се намали јачината, Апликацијата и понатаму ќе работи нормално, но нејзината функционалност ќе биде ограничена во еден параметар.

**32.7.** ТЕЛЕФОНИРАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОЗЕЊЕТО Кога Апликацијата е вклучена, Корисникот може да повикува и прима повици без никакви ограничувања. За време на разговорот на врвот на екранот ќе биде вклучена црвена лента која само потсетува дека Апликацијата во заднина и понатаму работи. Додека Апликацијата е вклучена, во исто време може да се користи и која било друга апликација во мобилниот телефон. 32.8. БРЗИНА Меѓу податоците кои Апликацијата ги анализира е и брзината. Ако ја надминете брзината од 130 км/час, на екранот, освен брзината, може да се запали и „црвено светло„. Тоа е само предупредување да размислите за намалување на брзината заради сопствена безбедност во патниот сообраќај. Тоа предупредување не ја намалува функционалноста на Апликацијата. 32.9. ОДМОР Кога Апликацијата ќе детектира возење кое трае подолго од два часа, Апликацијата може да ве предупреди да застанете и да го прекинете возењето заради одмор и безбедно продолжение на патувањето. ДОВЕРЛИВОСТ НА ВЛЕЗНИТЕ ПОДАТОЦИ КОИ ГИ КОРИСТИ АПЛИКАЦИЈАТА 33. За работа на Апликацијата и системот определен збир на податоци (брзина, местоположба на возилото, ориентација, јачина на звук итн.) треба да се регистрира во реално време. Во случај на несреќа само компанијата DriveAngel Limited 47 Mark Lane, London EC3R 7QQ, United Kingdom (Обединето Кралство), како технички давател на функционалноста на Апликацијата, агентите на контакт центарот на ORYX и, по потреба, персоналот на итните служби (полиција, пожарникари, брза помош и сл.) имаат пристап кон овие податоци. Никој друг под никакви околности нема да има пристап кон податоците за последните 20 минути од возењето. 34. Корисникот на Апликацијата има можност да ја сподели својата моментална локација во текот на возењето, како и други податоци релевантни за моменталното возење (поминат пат, почеток и крај на возењето и сл.) преку СМС порака, имејл порака, друштвени мрежи. 35. Корисникот може во Апликацијата да наведе лица кои ORYX ќе ги контактира во случај на сообраќајна несреќа и таква повреда на Корисникот поради која не е во можност самостојно да контактира со определени лица и да ги информира за настанот. Притоа ORYX има право по сопствено наоѓање да ги контактира наведените правни или физички лица кои ОПШТИ ПРАВИЛА И УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА АПЛИКАЦИЈАТА DRIVE ANGEL се наведени во апликацијата на нивните контакт податоци.

**36.** Со цел на заштита на корисничката сметка и податоците во неа, на корисниците им се препорачува да не го откриваат корисничкото име и лозинката на трети лица или да овозможуваат пристап кон својата корисничка сметка. Во случај ако корисникот самостојно, свесно и со своја волја овозможни пристап на трето лице кон својата корисничка сметка, што резултира со разоткривање и ширење на податоци кои може да се сметаат како лични, ORYX не сноси никаква одговорност за пробив во податоците.

МЕХАНИЧКИ И ЕЛЕКТРОНСКИ ИНТЕГРИТЕТ НА ПАМЕТНИОТ ТЕЛЕФОН

**37.** За Апликацијата на паметниот телефон да работи ефикасно, исклучително е важно и самиот паметен телефон да биде во беспрекорна состојба. За паметниот телефон да остане во исправна состојба, потребно е со него да се ракува согласно упатството на производителот и да се внимава да не дојде до никакви механички, термички и други шокови. Например, ако паметниот телефон случајно падне на земја, не може да се очекува дека во некој момент нема да се појават последици по механичкиот и електронски интегритет на уредот. Во поголемиот број на такви случаи паметниот телефон најверојатно ќе остане неоштетен, но тоа не може да се гарантира. Деловите на паметниот телефон кои се потребни за работа на Апликацијата се сложени и релативно осетливи, а за нивната исправност, односно евентуално оштетување, Корисникот сноси целосна одговорност. Ако Апликацијата „заклучи„ дека паметниот телефон е пречесто изложен на непотребни или намерни шокови, ORYX има неотповикливо право да ја ускрати услугата и да ја исклучи корисничката сметка. Само едно намерно фрлање на паметниот телефон за да се „провери„ осетливоста на Апликацијата е доволна причина за ускратување на услугата. Апликацијата е доволно „сензибилна„ да може со сигурност да разликува ситуација кога паметниот телефон ненамерно и случајно паднал во автомобилот од ситуација кога паметниот телефон бил намерно фрлен на земја или врз некоја друга цврста подлога.

ОДГОВОРНОСТ

**38**. ORYX не може да биде одговорен спрема Корисникот или трети лица за каква било

материјална и/или нематеријална штета која може да настане во случај на сообраќајна несреќа. Апликацијата служи само како благородно орудие, то ест систем за помош, односно побрзо и поедноставно организирање на помош на Корисникот на пат во случај на сообраќајна несреќа во патниот сообраќај, под услов Апликацијата успешно и на време да детектира опасност, односно евентуална сообраќајна несреќа, и под услов Апликацијата правилно да се користи и да се исполнат сите услови за правилно функционирање на Апликацијата пропишани со овие Општи услови (технички услови, правилно користење на телефонот и др.).

РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**39**. Во случај на спор, кој би произлегол од толкувањето, примената или извршувањето на овие Општи услови, ЗУБАК ГРУПА и Корисникот ќе се обидат да го решат спорот по мирен пат, а ако договорните страни не го решат спорот на тој начин, се договара надлежност на стварно надлежниот суд во местото на седиштето на ЗУБАК ГРУПА. ВАЖЕЊЕ НА УСЛОВИТЕ

**40**. Овие Општи правила и услови стапуваат во сила и се применуваат од 07.01.2019 година.

**41**. Овие Општи услови важат за користење на Апликацијата до нивна измена или до замена со нови услови на користење.

**42**. ORYX го задржува правото, по сопствено наоѓање, да ги измени или ажурира овие Општи услови во кое било време. Овие услови ќе бидат објавени на веб страницата и во Апликацијата со денот на нивната последна измена. Таквите измени ќе стапат во сила веднаш по нивното објавување. Ако не се согласувате со изменетите услови, веднаш престанете да ја користите Апликацијата. Вашето понатамошно користење на Апликацијата по објавувањето на измената ќе претставува ваше прифаќање на изменетите Услови.

Овие Општи услови се применуваат од 01.03.2021 година.